**Влада на Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат за животна средина**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2024 ГОДИНА

Дел. Бр. **02-1328/1**

**Сретен Стојковски**
[име и презиме]

Датум: **14.11.2023 година**

**Директор**
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

Место: **Скопје** (м.п.)

[потпис]

Влада на Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА 2024 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 02-1328/1 | Сретен Стојковски |
| Датум: | 14.11.2023 година | Директор |
| Место: | Скопје | |

Содржина

I. Резиме ........ 3
II. Анализа на ризици ........ 5
II.1. Дефинирање на ризични области ........ 6
II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ........ 8
II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик ........ 8
II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор ........ 9
III. Организација и раководење ........ 12
III.1. Правен статус на институцијата ........ 12
III.2. Раководство ........ 12
III.3. Надлежности ........ 12
III.4. Организациска структура ........ 14
III.5. Состојба со човечки ресурси ........ 11
IV. Инспекциски надзор ........ 14
V. Обука на инспекторите и административните службеници ........ 23
VI. Буџет и финансирање ........ 26
VII. Меѓународна соработка ........ 28
VIII. Други активности на инспекциската служба ........ 25
VIII.1. Начело на транспарентност и јавност ........ 25
VIII.2. Односи со медиуми, институции и јавноста ........ 25
VIII.3. Интернет страница ........ 30
VIII.4. Соработка со други инспекциски служби и државни институции ........ 30
VIII.5. Соработка со бизнис заедницата и граѓански здруженија ........ 30
VIII.6. Соработка со образовни и научни институции ........ 31
VIII.7. Проекти ........ 32

# I. Резиме

Директорот на Државниот инспекторат за животна средина, согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор („Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19) и Правилникот за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба („Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр. 238/19), изготви годишен план за работа на Државниот инспекторат за животна средина за 2024 година.

**Анализа на ризици.** Државниот инспекторат за животна средина го воспостави процесот за управување со ризиците и врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор, донесе Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори, со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во самиот процес на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за животна средина онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност.

**Организација и раководење.** Прикажан е правниот статус на Државниот инспекторат за животна средина, раководството, надлежностите, организациската структура и состојбата со човечките ресурси (структура на вработените, нови вработувања и пензионирања, планираниот број на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст, звање и родова застапеност), податоците се прикажани во табеларни прегледи, графикони и образложение со текст.

**Инспекциски надзор.** Проценката е извршена врз основа на стекнатата пракса при долгогодишното вршење на инспекциски надзор во минатото во областите за кои е надлежен инспекторатот, законската регулатива и сл. Извршено е планирање на вкупниот број на инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини, при што планирани се вкупно 1.717 инспекциски надзор од кои: 1.319 редовни надзори, 179 вонредни надзори. По спроведувањето на инспекцискиот надзор и во зависност од утврдената фактичка состојба и примена на конкретни инспекциски мерки (издавање решенија со опомена, наредба, забрана и др.) во согласност со закон, планирана е реализација на вкупно 219 контролни инспекциски надзори, со оглед на фактот што се очекува при 219 инспекциски надзори да се откријат неправилности. Во Вардарскиот Плански регион е планирано да се реализираат најголем дел од вкупните инспекциски надзори а по него следи Скопскиот Плански регион. Инспекциските надзори во најголем дел ќе се реализираат согласно материјалниот Закон за животната средина, потоа новото законодавството од областа на управувањето со отпад, пред се Законот за управување со отпад со посебен фокус на опасниот отпад, односно Законот за управување со пакување и отпад од пакување и законите за останатите текови на отпадот, Законот за водите, Законот за заштита на природата итн.

Во текот на 2024 година ќе се продолжи да се применува и спроведува новиот Закон за инспекциски надзор во животната средина.

**Обука на инспекторите и административните службеници.** Во согласност со член 50, став (1) од Законот за инспекциски надзор, директорот на Државниот инспекторат за животна

средина, донесе Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година.

**Буџет и финансирање.** Предлог буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за Државниот инспекторат за животна средина, е прикажан според главните категории на приходи и расходи.

**Меѓународна соработка.** Државниот инспекторат за животна средина со своето работење врши сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата и преговори за пристапување во делот на инспекторатот, во поглавјето 27: Животна средина и Клима. Посебно со отпочнувањето на скрининг процесот во јули 2023 година. Активно учествува во реализација на активности на Европската Мрежа на Инспекторатите за животна средина IMPEL, Европската Мрежа на Судии и Обвинители за животна средина и Платформата EMPACT во рамки на Подмрежата за криминал во животната средина на Европол и активности во рамки на Интерпол, Подмрежата за криминал во животната средина.

**Други активности на инспекциската служба.** При вршење на работите Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон и информации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за животна средина во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната (http://www.sei.gov.mk). Со цел е да се подобрат односите помеѓу администрацијата и граѓаните и да се обезбеди задоволство кај граѓаните од работата на Државниот инспекторат за животна средина, донесе Граѓански дневник на Државниот инспекторат за животна средина, кој ќе одговори на барањата за решавање на проблемите со кои се среќаваат граѓаните во секојдневната, интеракција со институцијата која обезбедува јавни услуги. Граѓанскиот дневник претставува декларација со која органот/ите јавно се обврзува кон јавноста за стандардите на услугите кои ги даваат и едновремено им овозможува на граѓаните: лесен пристап до услугите кои нив лично ги засегаат и можност за оценка на дадените услуги. Исто така, преку официјалната фејсбук страна[1] на Државен инспекторат за животна средина: граѓаните ќе можат да се информираат за тековното работење на инспекторатот, преку отворена и конструктивна комуникација, да ги споделуваат своите коментари, идеи и прашања. Оваа страна има за цел навремено и транспарентно да ги информира граѓаните за активностите на Државен инспекторат за животна средина и за корисните информации и услуги кои ги обезбедуваат институциите за граѓаните. Заради широкиот спектар на законски овластувања и надлежности, при своето работење Инспекторатот ќе соработува со бизнис заедницата, граѓански здруженија, образовни и научни институции и сите чинители кои можат да придонесат со своите активности за зголемување на транспарентноста, за што во изминатиот период, се изработени листи за проверка за поедини закони од областа на животната средина и истите се објавени на Интернет страницата на ДИЖС. Со проектите финансирани од разни донатори пред се Европската Унија, ќе се овозможи подобрување на системите за анализа на ризик,

[1]https://m.facebook.com/%D0%94%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-Inspektorati-Shtet%C3%ABror-i-Mjedisit-105140678120971/

како и проценка на ефективноста на работењето на инспекциските служби преку изработени: прирачници, протоколи, стандардни оперативни процедури.

## II. Анализа на ризици

Основна задача на Државниот инспекторат за животна средина е да ги идентификува субјектите кои при вршењето на дејностите не се придржуваат кон законската регулатива и да преземе мерки за нивно санкционирање и санирање на повредите на законските процедури.

Законската рамка која се регулира во секторите за инспекциските надзор опфаќа широк спектар на закони и подзаконски акти со кои се уредува организацијата, надлежностите и постапката на вршење на надзор за секој вид на инспектор во Државниот инспекторат за животна средина.

Управувањето на ризици, едноставно кажано, значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност. Ефективните принципи на управување со ризици бараат прибирање и пристап до релевантни податоци, определување на ризикот врз основа на тие податоци и фокусирање на инспекциските активности кон најголемите ризици кои ќе се идентификуваат.

Заради тоа, управувањето со ризици е од исклучителна важност и претставува составен дел од секојдневното работење на Државниот инспекторат за животна средина. Тоа подразбира воспоставување ефикасен систем на внатрешни контроли, кои треба да се засноваат на идентификување на ризици, утврдување на степен на ризици при планирањето на инспекциските надзори, проценка на нивната веројатност и ефект/влијание, следење и оценка за ризиците, како и утврдување на соодветни внатрешни мерки.

Управувањето со ризиците овозможува: донесување поквалитетни одлуки, подобро предвидување и оптимизирање на расположливите средства и ресурси, согледување на приоритетите, како и избегнување на идните проблеми кои можат да се појават при реализацијата на поставените цели.

Целта на управувањето со ризик е да ги доведе ризиците во Инспекторатот на прифатливо ниво со спроведување на мерки, кои ќе ја ублажат веројатноста за настанување на ризикот и влијанието на реализацијата на ризик.

Ризиците се природен дел од секојдневните активности и не може да се избегнат, но може само да бидат управувани. Тоа значи дека треба да се утврди одредено ниво на „прифатлив ризик“ за секој конкретен случај во анализата. Прифатлив ризик е степенот на ризик што раководството е подготвено да го прифати во постигнувањето на своите цели. Утврдувањето на ризикот вклучува лоцирање на потенцијалните ризици и причината за појавата на ризиците, како и потенцијалните последици од ризиците.

Според, Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзор врз основа на проценката на ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 247/2019), елементите за проценка на ризик се: тежината на штетните последици и веројатноста за случување на штетните последици.

Со Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори се пропишува начинот на проценка на ризик, преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на контролата од страна на Државниот инспекторат за животна средина и мерењето на степенот на ризиците, а со цел ефективно и ефикасно планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите во областа на животната средина.

Како основ, при изготвување на Годишниот план за работа на ДИЖС за 2024 година, земени се податоци од месечните и полугодишните извештаи од областите за кои е надлежен Инспекторатот, законската регулатива и сл. Оттука, произлегува дека проценката на ризиците е извршена врз основа на два вида влезни информации за проценка на влијанието на ризикот и проценка на веројатноста за појавување на ризикот. Зачестеноста на инспекциските надзори и ангажираните ресурси ќе бидат пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот и ќе бидат насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат со неправилностите во работата кај субјектите под надзор. Зачестеноста на вршење на инспекциски надзор зависи од степенот на ризик на субјектот.

Кај новооснованите субјекти (субјекти кои се основани и кои започнале со извршување на дејност во последната година), како и кај субјекти кај кои во претходниот период не е вршен инспекциски надзор, како претпоставка, се проценува среден степен на ризик.

Планот за инспекциски надзор е важна алатка во управувањето со надзорот, бидејќи ги распоредува ограничените ресурси на Државниот инспекторат за животна средина со цел да постигне максимални ефекти во спречувањето на неправилностите и минимизирање на штетите. Изработката на планот е во најголем дел заснована врз проценката на ризиците. Квалитетот на планот е во директна корелација со квалитетот на проценката на ризиците.

## II.1. Дефинирање на ризични области

Предмет на инспекциски надзор ќе бидат следните ризични области:

- ризичните области во индустриско спречување и контрола на загадувањето (интегрирани еколошки дозволи);
- ризичните области во управувањето со отпадот (сите текови на отпадот, опасен отпад);
- ризичните области во заштита на водите (водостопански субјекти);
- ризичните области во заштита на природата (управување со Национални паркови).

Дефинирањето на ризичните области се базира на утврдените и очекуваните ризици од досегашните инспекциски надзори и врз основа на проценката по ризикот врз животната средина.

Утврдувањето на ризикот се спроведува од државните инспектори за животна средина, државните инспектори за заштита на природата и водостопанските инспектори во соработка со експерти од различни области на животната средина, универзитетската и бизнис заедницата преку размена на информации, увид во документација и извештаи за извршени лабораториски испитувања од надлежни институции и овластени и/или акредитирани лаборатории за животна средина. Методологијата за анализа и процена на ризикот е единствена за сите субјекти кои вршат индустриска дејност, односно управуваат со заштитени со закон подрачја и основата им е вршење водостопанска дејност.

Во идентификувањето на ризикот, дополнителни фактори кои се земаат во предвид се:

- Непостапување по одредбите од Интегрираните еколошки дозволи,
- Непостапување по одредбите од Елаборатите за животната средина;
- Непостапување по одредбите од Законот за заштита на природата;
- Непостапување по одредбите од Законот за водите;
- Непостапување по одредбите од Законите за управување со отпадот, управување со пакување и отпад од пакување, управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори и управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема, односно невоспоставен систем за управување со сите текови на отпадот, управување со опасен отпад, немање минимум критериуми за санитарните депонии во РСМ.

Подетален опис на ризичните области кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во текот на 2024 година се идентификувани во следниве области :

- Управување со опасен отпад (отпадни моторни и индустриски масла, полихлорбифенилни масла, азбест, линдан, отпадни батерии и акумулатори, отпаден електронски и електричен отпад и друго)
- Управување со неопасен отпад и со пакување и отпад од пакување (складови со метален отпад и промет со забранети предмети и материјали)
- ИСКЗ дозволи (контрола на условите наведени во дозволите)
- Елаборати за животна средина (контрола на условите во елаборатите)
- Контрола на Ф-гасови
- Заштитени подрачја на природата (контрола на субјектите кои управуваат со заштитените подрачја и реализација на плановите за управување, недозволено депонирање на отпад на територијата на заштитеното подрачје, појава на пожари, недозволено собирање на заштитени животински и растителни видови),
- Заштита на водите од загадување и управувањето со водите од водостопански аспект, водостопански дозволи за зафат и испуштање на водите, тарифите за вода.

Принципот на превенција има исто така висок степен на застапеност при одредување на критериумите за определување на ризичните области.

## II.2. Извори на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот

Државниот инспекторат за животна средина, изворите на информации и податоци за идентификување и утврдување на ризикот ги користи врз основа на вршење на инспекциски надзор, претставки, пријави, дојави од правни и физички лица, Фејсбук месинџер и апликација фрешдеск-пријави, Е-пошта, информации од граѓански здруженија, медиуми, заклучоци на Влада на Република Северна Македонија, врз основа на добиените резултати од различни мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати, податоци од интерни регистри.

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на член 32 став 4 од Законот за инспекциски надзор, донесе Методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори, со цел да се воспостави рамка во која ќе се вгради и ќе се развива управувањето со ризици во самиот процес на инспекциски надзор, односно насочување на ресурсите на Државниот инспекторат за животна средина онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, а при тоа користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност. Истата е планирано да се обнови во текот на 2024 година.

Пристапот базиран на управување со ризици се потпира на факторите на ризик кои произлегуваат од достапните податоци и информации кои се собрани при претходно извршените надзори. Колку повеќе ризик-фактори постојат, толку е поголема веројатноста да се пронајдат неправилности, што пак резултира со повисоко ниво на следење и надзор. Информациите за овие ризик фактори се прибираат од повеќе извори. Преку користење на ефективен начин на известување, кој се развива со насобраното искуство, инспекциската служба ќе биде во можност да ги насочи ресурсите онаму каде што е потребно поголемо внимание, како и да иницира посебни инспекциски надзори за одредени прашања, а кои се валидирани со проверка на досието (предметот). Управувањето со ризиците, меѓу другото е алатка која им помага на раководните структури да ги предвидат променетите околности и има можност навремено да реагираат на нив.

## II.3. Следење на работата на инспекциски служби и проценка на ризик

Инспекцискиот надзор се заснова на проценка на ризикот. Според степенот, ризикот може да биде низок, среден и висок. Проценката на ризик вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори. Одредени ризици, а особено оние поврзани за здравјето, безбедноста и околината се со висок ризик и тука е оправдано поголемо ниво на мониторинг и навлегување во проверките на субјектите на надзор.

Други пак, ризици можат да бидат едноставни технички неправилности и истите не оправдуваат трошење на време и средства за да се пронајдат, а поради што би се занемариле други посериозни неправилности. Фокусирањето кон ризиците треба да се примени во одредувањето на тоа толку често треба да се врши надзор на субјектите. Субјектите за кои е веројатно дека се усогласени со правилата потребно е поретко да бидат контролирани

отколку оние кои работат во порizичен сектор или пак кај кои биле утврдени значајни неправилности во минатото.

## II.4. Критериуми за идентификување субјекти на инспекциски надзор

Државниот инспекторат за животна средина како појдовни „критериуми за идентификување на субјекти" се служи со наодите од извршените инспекциски надзори во изминатиот период како и регистрите (од областа на животната средина) кои се водат во Министерство за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина и останатите сектори во рамки на министерството. Оттука произлегува и евентуалната потреба од координирани инспекциски надзори со други инспекциски служби.

Иако првенствено се однесува на национално ниво, аспектот на координација е важен за Инспекторатот. Државниот инспекторат за животна средина, ќе ја зголеми координацијата и пристапот до информации со цел да се заштеди на средства и да се заштитат субјектите од преоптоварување со последователни инспекции од повеќе различни служби. Податоците од инспекциските надзори од други служби се доста важни во одредување на нивото на ризик и опфатот на следниот надзор па поради тоа Државниот инспекторат за животна средина ќе соработува со другите инспекторати. Ваквата координација ќе овозможи добивање податоци од други инспекциски служби за време на планирањето на инспекциските надзори.

Покрај планираните субјекти за надзор земени од регистрите за месечните планови, инспекторите вршат голем број на инспекциски надзори над нерегистрирани правни субјекти и физички лица, и постапуваат по барање на субјекти, а извршените надзори ги евидентираат во месечните/шестмесечните извештаи за работа, како вонредни (ненајавени) инспекциски надзори, согласно Законот за инспекциски надзор. Инспекторатот мора да има во предвид да изврши и правилна проценка дека секоја активност која се планира да се преземе како одговор на ризикот е пропорционална на ризикот, односно истата ќе придонесе за негово минимизирање на прифатливо ниво. Со цел да се подобри ефикасноста на управувањето со ризиците и обезбеди клучните ризици да се утврдуваат и третираат, ќе се воспоставува соодветен систем за следење и известување за ризиците. Доколку се сменат околностите врз основа на кои е направена проценката на ризикот, инспекциската служба ќе изврши ревизија на проценката на ризикот, која ќе биде земена предвид при подготвувањето на плановите за работа на ДИЖС.

*Дополнителна табела 1 Коефициенти на сложеност по закони*

| Постапување по закон | Време потребно за патување до субјектот (во два правци) | |
|---|---|---|
| | **≤ 1 час** | **> 1 час** |
| 1. Закон за генетски модифицирани организми<br>2. Закон за хемикалии | **Q1 коефициент** | **Q2 коефициент** |
| 1. Закон за управување со пакување и отпад од пакување,<br>2. Закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори,<br>3. Закон за управување со електричен и електронски отпад,<br>4. Закон за заштита од бучава во животна средина.<br>5. Закон за водите<br>6. Закон за заштита на природата (Користење и употреба на природното наследство и природното богатство и др.). | **Q2<br>Коефициент** | **Q3<br>коефициент** |
| 1. Закон за животна средина (Елаборати за заштита на животната средина и друго),<br>2. Законот за управување со отпад (управување со неопасен отпад и друго),<br>3. Закон за квалитет на амбиенталниот воздух,<br>4. Законот за водите (увид во документација, согласности, извештаи, дозволи, концесии и др).<br>5. Закон за заштита на природата (заштитени подрачја, дозволи за собирање на растителни и животински видови чување и одгледување на диви животински видови во заробеништво др.) | **Q3<br>коефициент** | **Q4<br>коефициент** |
| 1. Закон за животна средина (интегрирани еколошки дозволи, „фреони“,индустриски хаварии,инциденти...),<br>2. Закон за управување со отпад (управување со опасен отпад),<br>3. Закон за водите (сепарации, брани, водостопански објекти, испуштање на отпадни води, користење на водите и др).<br>4. Закон за заштита на природата (увид на лице место на високи планини, загадување и уништување на заштитени подрачја и др).<br>5. Закон за минерални суровини.<br>6. Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини. | **Q4<br>коефициент** | **Q5<br>коефициент** |

*Дополнителна табела 2 Пресметка на вредноста на коефициентите на сложеност на инспекцискиот надзор за 2023 година*

| **Коефициент на сложеност со вредност:** | **Q 1 = 1** | | | **Q 2 = 2** | | | **Q 3 = 3** | | | **Q 4 = 4** | | | **Q 5 = 5** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Критериуми** | **Парам.** | **%** | **Predн.** | **Парам.** | **%** | **Вредн.** | **Парам.** | **%** | **Вредн.** | **Парам.** | **%** | **Вредн.** | **Парам.** | **%** | **Вредн.** |
| Услови во кои се врши инспекцискиот надзор и изложеноста на инспекторот за можни влијанија врз неговото здравје и живот | 1 | 25 | 0,25 | 1 | 30 | 0,6 | 1 | 30 | 0,9 | 1 | 35 | 1,4 | 1 | 35 | 1,75 |
| Број на субјекти кои се предмет на надзорот | | 30 | 0,3 | | 20 | 0,4 | | 20 | 0,6 | | 15 | 0,6 | | 5 | 0,25 |
| Број на прописи врз основа на кои се врши инспекциски надзор | | 25 | 0,25 | | 30 | 0,6 | | 25 | 0,75 | | 20 | 0,8 | | 25 | 1,25 |
| Време потребно за инспекциски надзор (во часови) | 11,5 | 20 | 0,2 | 11,5 | 20 | 0,4 | 12,5 | 25 | 0,75 | 14 | 30 | 1,2 | 17 | 35 | 1,75 |
| **Пресметка на вкупно време за инспекциски надзор** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Време за подготовка на инспекцискиот надзор | **0,5** | | | **0,5** | | | **0,5** | | | **1** | | | **1** | | |
| Време за теренски инспекциски надзор | **1+1= 2** | | | **1+1= 2** | | | **2+1= 3** | | | **3+1= 4** | | | **3+3= 6** | | |
| Време за подготовка на записник | **1** | | | **1** | | | **1** | | | **1** | | | **2** | | |
| Време за подготовка на решение | **1** | | | **1** | | | **1** | | | **1** | | | **1** | | |
| Време за спроведување на мандатна казна | **1** | | | **1** | | | **1** | | | **1** | | | **1** | | |
| Време за спроведување на постапка на порамнување/спогодување | **1** | | | **1** | | | **1** | | | **1** | | | **1** | | |
| Време за подготовка на прекршочна пријава | **2** | | | **2** | | | **2** | | | **2** | | | **2** | | |
| Време за подготовка на кривична пријава | **3** | | | **3** | | | **3** | | | **3** | | | **3** | | |

## III. Организација и раководење

### III.1. Правен статус на институцијата

Државниот инспекторат за животна средина е  орган во состав на Министерството за животна средина и просторно планирање, а од мај 2014 година согласно измените и дополнувањето на Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр.187/2013) членот 194 став (7), има својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со Закон и одлучува за правата и обврските од работен однос.

Во 2022 година од страна на Собранитео на Република С.Македонија е усвоен новиот Закон за инспекциски надзор во животната средина објавен во Службен весник на РСМ бр.99/2022.

### III.2. Раководство

Државниот инспекторат за животна средина, работите од својата надлежност ги извршува преку:

- директорот на Инспекторатот кој врши координација со административно-финансиското односно инспекциското работење, кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија,
- генералниот инспектор за животна средина, главните и вишите инспектори за жвиотна средина, водостопанство и заштита на природата, државните инспектори за животна средина, за заштита на природата и водостопанските инспектори и помладите инспектори за животна средина, заштитата на природата и водостопанство како и
- стручно-административната служба во Инспекторатот.

### III.3. Надлежности

Основна функција на Државниот Инспекторат за животна средина е спроведување на инспекциски надзор во согласност со законските прописи и други правни акти со кои се регулирани прашања од сферата на заштитата на животната средина, природата и водите. Инспекторатот врши инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување, заштита на гео и биодиверзитетот, посебното природно богатство (Национални Паркови, споменици на природата, парк шуми, орнитолошки резервати и други заштитени подрачја со закон), заштита на озонската обвивка, заштита од штетна бучава емитирана во животна средина, превенција од еколошки инциденти.

Со новиот Закон за инспекциски надзор во животната средина (“Сл.весник на РСМ” бр.99/2022) се уредуваат начелата, надлежноста, организацијата на ДИЖС, како и постапките на инспекцискиот надзор. Цел на  Законот е организирање на  ефикасен систем на инспекциски надзор во областа на заштитата на животната средина. Работењето на

Инспекторатот покрај со овој закон е дефинирана и со Законот за животната средина, Законот за заштита на природата (Државни инспектори за заштита на природата), Законот за водите (Водостопански инспектори), како и дваесет и седум други закони и околу две стотини и педесет подзаконски акти, и тоа:

- УСТАВ на РСМ
- Закон за инспекциски надзор во животната средина
- Закон за животната средина
- Закон за заштита на природата
- Закон за управување со отпадот
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување
- Закон за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори
- Закон за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема
- Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад
- Закон за управување со дополнителни текови на отпад
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух
- Закон за контрола на емисии од испарливи органски соединенија при користење на бензини
- Закон за водите
- Закон за утврдување на цени на водните услуги
- Закон за заштита од штетна бучава во животната средина
- Закон за генетски модифицирани организми
- Закон за инспекциски надзор,

  како и следните закони:

- Закон за заштита на потрошувачите
- Закон за хемикалии
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Закон за минерални суровини
- Закон за општа управна постапка
- Закон за постапување по претставки и предлози
- Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност
- Кривичен Законик
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер и

- останати закони од областа на заштитата на природата за прогласување на локалитети за споменици на природата и прогласување на национални паркови во РСМ.
- Во текот на 2023 година донесен е еден правилник согласно новиот Закон за инспекциски надзор во животната средина (Правилник за видот и начинот на пресметка на трошоците на инспекцискиот надзор во животната средина објавен во Сл.Весник на РСМ бр.233/2023 година), а уште еден правилник за збирен Годишен план за работа на инспекциските служби на централно и локално ниво е во фаза на одобрување и е доставен до Секретаријатот за законодавство. Останатите подзаконски акти ќе бидат изготвени во рамки на ЕУ Твининг Проектот кој ќе започне со реализација во 2024 година.

## III.4. <u>Организациска структура</u>

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, како и заради организирање, следење и координирање на работите од надлежност на одделенијата во нивните состави и унапредување на нивната меѓусебна соработка, како и заради непосредно извршување на нормативно-правни, стручно-аналитички, управни, информатичко–технолошки, оперативни и стручно-административни работи, во Инспекторатот се формираат следните организациски единици:

(1) Сектор за инспекциски надзор во животната средина со 5 подрачни одделенија за инспекциски надзор во животната средина:

- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Скопски регион-седиште Скопје;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Полошки регион-седиште Тетово;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Североисточен и Источен регион-седиште Пробиштип;
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Пелагониски и Југозападен регион-седиште Битола и
- подрачно одделение за инспекциски надзор во животната средина за Вардарски и Југоисточен регион-седиште Струмица.

(2) Сектор за водостопанска инспекција, со две одделенија:

- Подрачно одделение за водостопанска инспекција – Запад-седиште Скопје и
- Подрачно одделение за водостопанска инспекција – Исток-седиште Скопје.

(3) Сектор за инспекциски надзор во природата, со две одделенија:

- Подрачно одделение за инспекциски надзор во природата – Запад-седиште Скопје и

- Подрачно одделение за инспекциски надзор во природата – Исток-седиште Скопје.

(4) Сектор за координација, општи и правни работи и јавни набавки со следните одделенија со седиште во Скопје:

- Одделение за општи и правни работи и јавни набавки и
- Одделение за поддршка, аналитика и меѓународна соработка на инспекторатот.

(5) Одделение за финансиски прашања

## III.5. Состојба со човечки ресурси

Со работата на Инспекторатот раководи Директор.

Генералниот Инспектор за животна средина е највисок административен службеник во Инспекторатот.

Во случај на отсуство или спреченост, Директорот го заменува административен службеник со сите негови овластувања и одговорности, врз основа на овластување од директорот на Инспекторатот.

Со секторите раководат административни службеници со звање раководител на сектор-главни инспектори.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на сектор, со секторот раководи раководител на одделение-виш инспектор, врз основа на овластување од Директорот.

Со одделенијата раководат административни службеници со звање раководител на одделение-виш инспектор, а во случај на отсуство или спреченост на раководителот на одделението, со одделението раководи стручен административен службеник со највисоко звање во одделението кој го определува раководителот на секторот.

За 2024 година е планирано единствено 1 пензионирање на државен инспектор за животна средина.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за животна средина | | | | | | Инспектор за природа | | | | | | Инспектор за води | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | 1 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | | | | | | | 2 | | 2 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | | 2 | 3 | | | 1 | | | 1 | | | | 2 | | 2 | | | 2 | 2 | 2 | 6 |
| В1 – советник инспектор | | | 5 | 4 | 3 | 12 | | | | | | | | | | | | | | | 5 | 4 | 3 | 12 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | | 1 | 3 | | | | | 3 |
| Вкупно | | | 6 | 6 | 5 | 17 | 1 | | 1 | 1 | | 3 | 1 | | | 3 | | 4 | 2 | | 7 | 9 | 5 | 23 |

*Од вкупниот број на државни инспектори (23), 8 се жени, а останатите 15 се мажи. *Помлада инспекторка за животна средина ќе користи трудничко боледување, а Главната водостопанска инспекторка даде отказ и замина од ДИЖС непосредно пред изговување на Годишниот План.

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

**2 вработувања, 1 превземање на советник-државен инспектор за животна средина*

| Вид | Инспектор за животна средина | | | Инспектор за природа | | | Инспектор за води | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** |
| **Б1 – генерален инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Б2 – главен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Б3 – пом. глав. инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Б4 – виш инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **В1 – советник инспектор** | 3 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 |
| **В2 – самостоен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **В3 – помошник инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **В4 – помлад инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | 3 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 1 | 2 |

## IV. Инспекциски надзор

Извршено планирање на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини, при што се планирани вкупно 1.717 инспекциски надзор, од кои: 1.319 редовни односно најавени инспекциски надзори, 179 вонредни и 219 контролни инспекциски надзори. Во наредната година се очекуваат 219 инспекциски надзори, при кои ќе бидат откриени неправилности. Досегашното искуство покажува дека најголем број на преземени инспекциски мерки произлегуваат од вонредните инспекциски надзори.

Извршена е проценка за очекуваната состојба во областа на инспекциски надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите за секој инспекциски сектор одделно во Државниот инспекторат за животна средина, при што се лоцирани сензитивните точки по закони каде инспекторатот, при вршење на инспекциски надзор во 2024 година на кои треба да обрне големо внимание (Табела 3 - Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини).

Проценката е извршена врз основа на стекнатата пракса при долгогодишното вршење на инспекциски надзор во областите за кои е надлежен инспекторатот, законската регулатива, претставки, пријави, дојави од правни и физички лица, Фејсбук Месинџер и фрешдеск алатката-пријави, Е-пошта, информации од граѓански здруженија, медиуми, заклучоци на Влада на Република Северна Македонија, врз основа на добиените резултати од различни мониторинг програми, информации од други надлежни инспекторати и сл. Државниот инспекторат за животна средина како појдовни „критериуми за идентификување на субјекти" се служи со наодите од извршените инспекциски надзори во изминатиот период како и регистрите (од областа на животната средина) кои се водат во Министерство за животна средина и просторно планирање: Управата за животна средина и останатите сектори во министерството. Инспекторатот мора да има во предвид да изврши и правилна проценка дека секоја активност која се планира да се преземе како одговор на ризикот е пропорционална на ризикот, односно истата ќе придонесе за негово минимизирање на прифатливо ниво. Со цел да се подобри ефикасноста на управувањето со ризиците и обезбеди клучните ризици да се утврдуваат и третираат. Доколку се сменат околностите врз основа на кои е направена проценката на ризикот, инспекциската служба ќе изврши ревизија на проценката на ризикот, која ќе биде земена предвид при подготвувањето на месечните планови за работа на ДИЖС.

Проценката на сложеноста на инспекцискиот надзор ќе се спроведува согласно Одлуката за утврдување на коефициенти на сложеност на инспекцискиот надзор, донесена од страна на директорот на Инспекторатот. Намалување/ублажување на оперативниот ризик ќе се врши преку ефективни и ефикасни процеси на следење на извршените инспекциски надзори. Со ефективните процеси ќе се постигнат поставените цели, и тоа со мали трошоци. Ова подразбира потенцијалните грешки при вршењето на инспекцискиот надзор, ризикот, репутацијата на инспекторот и Инспекторатот и сл. да се сведат на минимум. Тоа во исто време значи максимално следење на законските и подзаконски акти и нивно истовремено усогласување со интерните политики на Инспекторатот. Државните инспектори за животна средина, Водостопанските инспектори и Државните инспектори за

заштита на природата, своите инспекциски контроли ќе ги вршат, врз основа на надлежностите кои произлегуваат од законодавството од предметната област, како и донесените подзаконски акти.

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **225** | **27** | **59** | **311** | **34** |
| **1** | **Велес** | 76 | 11 | 40 | 127 | **21** |
| **2** | **Градско** | 13 | 2 | 2 | 17 | **1** |
| **3** | **Демир Капија** | 15 | 2 | 2 | 19 | **2** |
| **4** | **Кавадарци** | 55 | 4 | 4 | 63 | **2** |
| **5** | **Лозово** | 2 | 1 | 2 | 5 | **2** |
| **6** | **Неготино** | 34 | 3 | 3 | 40 | **1** |
| **7** | **Росоман** | 22 | 2 | 2 | 26 | **1** |
| **8** | **Свети Николе** | 1 | 1 | 1 | 3 | **1** |
| **9** | **Чашка** | 7 | 1 | 3 | 11 | **3** |
| | **Источен регион** | **149** | **29** | **40** | **218** | **34** |
| **10** | **Берово** | 8 | 2 | 2 | 12 | **2** |
| **11** | **Виница** | 12 | 3 | 3 | 18 | **3** |
| **12** | **Делчево** | 10 | 3 | 2 | 15 | **2** |
| **13** | **Зрновци** | 6 | | 1 | 7 | **1** |
| **14** | **Карбинци** | 15 | 1 | 4 | 20 | **2** |
| **15** | **Кочани** | 18 | 4 | 4 | 26 | **4** |
| **16** | **Македонска Каменица** | 10 | 3 | 2 | 15 | **2** |
| **17** | **Пехчево** | 5 | 1 | 2 | 8 | **2** |
| **18** | **Пробиштип** | 17 | 1 | 2 | 20 | **2** |
| **19** | **Чешиново-Облешево** | 6 | 3 | 2 | 11 | **2** |
| **20** | **Штип** | 42 | 8 | 16 | 66 | **12** |
| | **Југозападен регион** | **122** | **13** | **13** | **148** | **16** |
| **21** | **Вевчани** | 8 | 1 | | 9 | |
| **22** | **Дебар** | 9 | 2 | 3 | 14 | **2** |
| **23** | **Дебрца** | 9 | | | 9 | |
| **24** | **Кичево** | 6 | 2 | 4 | 12 | **4** |
| **25** | **Македонски Брод** | 12 | 2 | 3 | 17 | **4** |
| **26** | **Охрид** | 46 | 4 | 2 | 52 | **4** |
| **27** | **Пласница** | 2 | | | 2 | |
| **28** | **Струга** | 28 | 2 | 1 | 31 | **2** |
| **29** | **Центар Жупа** | 2 | | | 2 | |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Југоисточен регион** | **123** | **21** | **24** | **168** | **25** |
| **30** | **Богданци** | 10 | 3 | 1 | 14 | **1** |
| **31** | **Босилово** | 3 | 2 | 1 | 6 | **1** |
| **32** | **Валандово** | 11 | 1 | 1 | 13 | **1** |
| **33** | **Василево** | 5 | 2 | 2 | 9 | **2** |
| **34** | **Гевгелија** | 36 | 4 | 4 | 44 | **4** |
| **35** | **Дојран** | 15 | 4 | 2 | 21 | **3** |
| **36** | **Конче** | 3 | 1 | 2 | 6 | **2** |
| **37** | **Ново Село** | 4 | | 2 | 6 | **2** |
| **38** | **Радовиш** | 14 | 1 | 4 | 19 | **4** |
| **39** | **Струмица** | 22 | 3 | 5 | 30 | **5** |
| | **Пелагониски регион** | **148** | **9** | **7** | **164** | **9** |
| **40** | **Битола** | 57 | 4 | 2 | 63 | **3** |
| **41** | **Демир Хисар** | 15 | 1 | 1 | 17 | **1** |
| **42** | **Долнени** | 5 | | | 5 | |
| **43** | **Кривогаштани** | 1 | | | 1 | |
| **44** | **Крушево** | 13 | 1 | 1 | 15 | **1** |
| **45** | **Могила** | 1 | | | 1 | |
| **46** | **Новаци** | 5 | 1 | | 6 | **1** |
| **47** | **Прилеп** | 22 | 2 | 2 | 26 | **2** |
| **48** | **Ресен** | 29 | | 1 | 30 | **1** |
| | **Полошки регион** | **211** | **33** | **44** | **288** | **48** |
| **49** | **Боговиње** | 12 | 2 | 3 | 17 | **3** |
| **50** | **Брвеница** | 15 | 2 | 3 | 20 | **4** |
| **51** | **Врапчиште** | 9 | 2 | 3 | 14 | **2** |
| **52** | **Гостивар** | 58 | 9 | 9 | 76 | **9** |
| **53** | **Желино** | 18 | 3 | 6 | 27 | **8** |
| **54** | **Јегуновце** | 6 | 1 | 3 | 10 | **3** |
| **55** | **Маврово и Ростуша** | 14 | 4 | 4 | 22 | **5** |
| **56** | **Теарце** | 14 | 2 | 4 | 20 | **4** |
| **57** | **Тетово** | 65 | 8 | 9 | 82 | **10** |
| | **Североисточен регион** | **97** | **20** | **4** | **121** | **9** |
| **58** | **Кратово** | 3 | 1 | 1 | 5 | **1** |
| **59** | **Крива Паланка** | 30 | 6 | 1 | 37 | **1** |
| **60** | **Куманово** | 44 | 10 | | 54 | **5** |
| **61** | **Липково** | 5 | 1 | 1 | 7 | **1** |
| **62** | **Ранковце** | 8 | 1 | | 9 | |
| **63** | **Старо Нагоричане** | 7 | 1 | 1 | 9 | **1** |
| | **Скопски регион** | **244** | **27** | **28** | **299** | **44** |
| **64** | **Аеродром** | 6 | | | 6 | |
| **65** | **Арачиново** | 3 | 1 | 1 | 5 | **1** |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| **66** | **Бутел** | 6 | | | 6 | |
| **67** | **Гази Баба** | 47 | 1 | 1 | 49 | **6** |
| **68** | **Ѓорче Петров** | 18 | 1 | 1 | 20 | **4** |
| **69** | **Зелениково** | 3 | 1 | 1 | 5 | **1** |
| **70** | **Илинден** | 21 | 4 | 5 | 30 | **5** |
| **71** | **Карпош** | 14 | | | 14 | |
| **72** | **Кисела Вода** | 54 | 6 | 6 | 66 | **9** |
| **73** | **Петровец** | 6 | 5 | 2 | 13 | **2** |
| **74** | **Сарај** | 7 | 2 | 2 | 11 | **3** |
| **75** | **Сопиште** | 1 | | 1 | 2 | **1** |
| **76** | **Студеничани** | 1 | | 3 | 4 | **2** |
| **77** | **Центар** | 48 | 6 | 4 | 58 | **11** |
| **78** | **Чаир** | 2 | | | 2 | |
| **79** | **Чучер-Сандево** | 3 | | 1 | 4 | **1** |
| **80** | **Шуто Оризари** | 4 | | | 4 | |
| **ВКУПНО** | | **1.319** | **179** | **219** | **1.717** | **219** |

Цели кои треба да се остварат со инспекцискиот надзор

- Ефикасно применување и спроведување на законската регулатива, зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, пораст на животниот стандард и начинот и квалитетот на живот на населението,
- Зголемување на инспекциските надзори, со цел зголемување на имплементацијата на законската регулатива,
- Борба против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото сé со цел спроведување на функционална пазарна економија на реална основа,
- Развој на модерна, ефикасна, ефективна и економична инспекција со високо ниво на етика и некорумпираност, како клуч за успешна реформа во животната средина,
- Организирано и ефикасно вршење на инспекциски надзор,
- Отпочнување на процес на воведување на меѓународниот стандард ISO 9001:2015
- Системи за менаџмент со квалитет,
- Планирање за отпочнување на процес на воведување на меѓународниот стандард ISO 31000:2009
- Управување со ризици принципи и насоки,
- Воспоставување на електронски систем за анализа на ризик,

- Воспоставување на систем за електронска поделба на предмети (документ менаџмент систем – ДМС), вклучување во Е-Инспектор платормата (1 април 2024 година),
- Поголема автоматизација и синхронизација на обработката на податоците и анализата и
- Пропишување на стандардни оперативни процедури во ДИЖС.
- зголемување на степенот на спроведување на законодавство од областа на животната средина во однос на 2023 година,

Индикатор: Извештај за прогресот на РСМ, (напомена дека во моментов нема Стратегија за спроведување на законодавството од областа на животната средина),

- целосно реализирање на месечните планови на трите видови инспектори,

  Индикатор: Два Шестмесечни извештаи

- практична примена на одредбите од законите, уредбите и правилниците од страна на правните субјекти кои се предмет на надзор,

  Индикатор: Немање/Намалување на број на санкции

- мониторинг на условите одредени во еколошките дозволи и елаборатите за заштита на животната средина и нивна применливост во пракса

  Индикатор: Континуирано при спроведувањето на инспекциските надзори

- превенција од евентуални штети предизвикани од секаков вид на неспроведување на задолженијата од дозволите и еколошките елаборати; -
- основно начело на европскиот пристап на инспекциските служби во животната средина, начело од Законот за инспекциски надзор и Законот за инспекциски андзор во животната средина,

  Индикатор: Немање еколошки инциденти

- навремено преземање мерки и санкции заради намалување или отстранување на последиците од неспроведување на законските одредби од страна на субјектите кои се предмет на надзор;

  Индикатор: Акти во инспекциска постапка

- воспоставување и спроведување законски процедури, мерки и активности за намалување на неправилностите во работењето и намалување на евентуалниот ризик по заштитата на животната средина; Организација на едукација, обуки
- ефективно и ефикасно користење на капацитетите и човечките ресурси на субјектите предмет на инспекцискиот надзор во заштитата на животната средина;

Индикатор: Примена на Методологијата за интегрирана процена на ризици при планирањето на надзорите.

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на Законот за инспекциски надзор, ќе донесува програмски и извештајни (аналитичко – информативно) документи, вклучително:

- Месечни планови за инспекциски надзор;

  Рок: континуирано до 1- ви во месецот за тековниот месец.

- Шестмесечни извештаи за работата;

  Рок: до 15-ти јануари (за периодот јули-декември) и до 15-ти јули (за периодот јануари-јуни).

- Годишен план за работа на инспекциската служба за 2025 година;

  Рок: до 15-ти ноември 2024 година.

- Регистар на извршени инспекциски надзори - РЕГ- 6 - (јануари-декември), 2024 година;

  Рок: континуирано до 10- ти во месецот за претходниот месец.

## V. Обука на инспекторите и административните службеници

Вложувањето во човечките ресурси е најважната инвестиција за одржлив развој на компетентна администрација. Тоа претпоставува развој на соодветни знаења и вештини кај службениците, следење на современите текови во методите на работењето и примена на новините од информатичко - комуникациските технологии. Обуките за стручно усовршување на административни службеници можат да бидат генерички и специјализирани и истите можат да бидат организирани во училница или преку интернет пристап од работното место на административниот службеник до електронскиот систем за управување со обуки. Со цел подобрувањето на изведбата на администрацијата и стручното усовршување на службениците, Директорот на Државниот инспекторат за животна средина до МИОА согласно член 58 став 1 од Закон за административни службеници, врз основа на обуките од индивидуалните планови за стручно усовршување, подготвува годишен план за обуки на сите административни службеници во институцијата, по претходно добиено мислење од Министерството, и го донесува најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

МИОА, врз основа на член 57 донесува Годишна програма за административно управување за 2024 година и врз основа на член 56 од Закон за административни службеници донесува Годишна програма за генерички обуки на административните службеници за 2024 година. Врз основа на Годишна програма за административно управување за 2024 година, Директорот на Државниот инспекторат за животна средина е должен за секој административен службеник во институцијата, да предвиди обука за административно управување и истата да ја внесе во неговиот индивидуален план за стручно усовршување. Планираните предлог обуки по сектори ќе бидат предложени од раководителот на сектор, по претходна консултација со раководните структури во инспекторатот и административните службеници согласно нивните потреби за стручно усовршување од понудените 14 тематски обуки и четирите тематски целини за

„административно управување" на службеници, преку Системот за управување со учење (СУУ/LMS). Државниот инспекторат за животна средина има 4 административни службеници кои ќе ги реализираат генеричките обуки.

Во согласност со член 50, став (1) од Законот за инспекциски надзор, директорот на Државниот инспекторат за животна средина, донесе Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година. Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор, ќе се реализира со користење на електронска платформа за учење, која овозможува два начини за on-line учење: on-line учење во „живо" и on-line обука, преку самостојно учење. Исто така, од страна на обучувачите, ќе биде користена и бесплатната платформа за видео конференции „Zoom Meetings", каде корисниците (инспекторите), ќе имаат пристап до сите потребни функции за аудио и видео конференции за групна соработка, вклучувајќи: неограничен број на видео состаноци со најмногу 100 учесници, чисти аудио и HD видео, приватни и групни разговори и онлајн поддршка. Планот за обука ќе го реализираат именувани обучувачи од редот на административни службеници, вклучувајќи искусни инспектори од раководните нивоа, како и од надворешни стручни лица, кои треба да поседуваат соодветно искуство и знаење за модулот/темата на обука. Главната цел на Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година, е надградување на основните компетенции и вештини на инспекторите, со што ќе се овозможи постигнување на високи перформанси и помош во нивниот професионален развој.

Специјализираните обуки ќе бидат насочени кон едукација на инспекторите во Државниот инспекторат за животна средина во врска со практична примена на законодавството, преку студии на случај на специфичностите произлезени од материјалните закони, вклучувајќи во областите на животна средина, заштита на природата, водостопанство, односно сите закони за кои се надлежни од овие три области како и за управни дејствија, тек на постапката, надлежност, вонредни случаи за укинување и поништување на акти, известување и достава, основни начела, комуникација помеѓу јавните органи и странките, како и управна соработка (правна помош), согласно Закон за општа управна постапка. Специјализираните обуки ќе се одвиваат во рамки на новиот ЕУ Твининг Проект кој е планирано да започен во вториот квартал на 2024 година и ќе трае 24 месеци.

Сите државни инспектори во Државниот инспекторат за животна средина, во 2024 година е планирано да присуствуваат на три генерички обуки преку Платформата Е-учење, кои се предвидени со Годишната програма за генерички обуки на инспекциските служби за 2024 година изготвени од страна на Инспекцискиот Совет.

Согласно Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година бр.02-633/1 од 15.06.2023 изработена од страна Инспекцискиот совет на РСМ, во продолжение е поместена Табелата со теми за обуки по инспектори.

**Табела со теми за обуки по инспектори**

| Име и Презиме | Теми за обуки |
|---|---|
| Дарко Блинков | 1.8, 1.11 и 1.15 |
| Хусни Тачи | 1.11, 1.13 и 1.15 |
| Пејо Кировски | 1.8, 1.13 и 1.15 |
| Зоран Димовски | 1.8, 1.11 и 1.15 |
| Виолета Панзова | 1.11, 1.14 и 1.15 |
| Тони Димески | 1.8, 1.11 и 1.15 |
| Латиф Латифи | 1.8, 1.11 и 1.15 |
| Хасан Рустеми | 1.8, 1.13 и 1.15 |
| Виолета А.-Ѓорѓиева | 1.8, 1.13 и 1.15 |
| Мите Начев | 1.5, 1.10 и 1.15 |
| Круме Кочов | 1.8, 1.11 и 1.15 |
| Беџет Абази | 1.11, 1.13 и 1.15 |
| Бедри Суљејмани | 1.4, 1.10 и 1.15 |
| Имрије Лума-Мемеди | 1.8, 1.11 и 1.15 |
| Игор Трајкоски | 1.10, 1.13 и 1.15 |
| Вера Љатева | 1.10, 1.13 и 1.15 |
| Јованче Колев | 1.10, 1.14 и 1.15 |
| Биљана Ш.-Манаскова | 1.11, 1.13 и 1.15 |
| Сенка Андреева | 1.4, 1.10 и 1.15 |
| Благоја Игновски | 1.10, 1.14 и 1.15 |
| Зоран Стојнев | 1.10, 1.12 и 1.15 |
| Ангела Темелковска | 1.10, 1.12 и 1.15 |
| Драгана Илијевска | 1.10, 1.12 и 1.15 |
| Јована Трајковска | 1.10, 1.12 и 1.15 |

## VI. Буџет и финансирање

Предлог Буџетот за 2024 година на ДИЖС изнесува 44,230 милиони денари. Со овие средства може непречено да се реализира Годишниот план за работа на ДИЖС за 2024 година. На табелата подолу е поместен предлог Буџетот за 2024 година на ДИЖС од буџетскиот циркулар доставен до Министерството за финансии на 31.08.2023 година согласно законскиот рок. До изготвувањето на Годишниот План, ДИЖС нема повратна информација дали истиот е прифатен од страна на Владата на РСМ, а збирниотПредлог Буџет на РСМ за 2024 година беше усвоен од страна на Владата на РСМ и истиот ќе се достави до Собранието на РСМ на разгледување и усвојување.

Во текот на 2024 година согласно Функционалната анализа, постојната Систематизација и Годишниот план за вработувања и унапредувања, планирани се нови 6 вработувања (2 инспектори и 4 административни службеници) и 2 унапредувања.

Исто така со средствата од буџетските ставки ќе се врши редовно сервисирање на надоместоци за канцелариите во и надвор од Скопје (струја, вода, ѓубретарина, наем, загревање), потоа регистрација и сервис на службените моторни возила, надомест за гориво, услуги за мобилна телефонија и интернет, ИКТ (Информациско Комуникациска Технологија) одржување, редовен систематски преглед и осигурување на сите вработени и возилата, набавка на средства за работа (записници за констатација, службени легитимации, деловодници, итн.), останати потреби на Инспекторатот, надоместоци-дневници за реализирани службени патувања надвор од државата итн. Планирано е да се отвори покрај постоечките канцеларии уште 1 канцеларија во Куманово, како и набавка на возило кое е неопходно за спроведување на инспекциски надзори.

Буџетот е усвоен од страна на Владата на РСМ и истиот треба да биде разгледан и усвоен од страна на Собранието на РСМ.

**Буџет за 2024 година**

| СТАВКА | 630 | 631 | 787 | 785 | 786 | 660 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4 РАСХОДИ** | **44,230,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **44,230,000** |
| 19 ИНСПЕКТОРАТИ | 44,230,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 44,230,000 |
| 40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 29,350,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 29,350,000 |
| 401 Основни плати | 21,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21,000,000 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 8,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8,000,000 |
| 404 Надоместоци | 350,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350,000 |
| 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 13,480,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13,480,000 |
| 420 Патни и дневни расходи | 280,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 280,000 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3,500,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3,500,000 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 900,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 900,000 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 2,400,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,400,000 |
| 425 Договорни услуги | 5,800,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5,800,000 |
| 426 Други тековни расходи | 600,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600,000 |
| 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 464 Разни трансфери | 200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 200,000 |
| 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1,200,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1,200,000 |
| 483 Купување на мебел | 300,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 |
| 486 Купување на возила | 900,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 900,000 |

## VII. Меѓународна соработка

Меѓународната соработка и активност на ДИЖС е посебно нагласена години station наназад и е мошне важна при секојдневното работење на Инспекторатот.

Инспекторатот во рамките на своето работење, со цел полесно приближување кон ЕУ соработува со внатрешните и надворешните институции кои ги покриваат областите кои ги третира, за што има склучено и меморандуми за соработка со голем број институции. Државниот инспекторат за животна средина со своето работење врши сложени, стручно оперативни и аналитички задачи и активности за поддршка на целокупниот процес на ЕУ интеграцијата и преговори за пристапување во делот на инспекторатот:

- Планирање и координација во врска со реализацијата и мониторинг на НПАА во делот на инспекторатот и учество во работни групи во НПАА на поглавјето: 27. Животна средина и клима, Дијалог за политиките во областа на животната средина кој ќе се одвива во текот на целата 2024 година на месечно ниво по области и медиуми.
- Учество во работните состаноци на Подкомитетот Брисел-Скопје кој се однесува за животна средина, енергетика, транспорт во делот за спроведување на законодавството.
- Учество во работните состаноци во Европската Мрежа на Обвинители за животна средина заедно со Здружението на јавни обвинители на Република Северна Македонија, како и соработката со Интерпол и Европол-Мрежата за сузбивање на Криминалот во животната средина со крајна цел континуирано административно зајакнување на институциите во нашата држава, оперативни активности согласно европската мулти-функционалната платформа за ризици од криминалот (делот за животна средина) EMPACT на Европол и реализација на две оперативни активности во делот на отпад и природа.
- Учество на настани од проекти организирани од IMPEL Мрежата на Инспектори за животна средина од ЕУ, каде сме полноправен член од мај 2006 година, со цел зајакнување на капацитетот за ефикасно спроведување на законодавството од областа на животната средина (детален опис во делот за проекти).

Настани во РСМ организирани од страна на Центарот за правни истражувања и анализи во рамки на Работната Група за процесирање кривични дела од областа на животна средина, TAIEX настани, останати настани од други проекти кои се во тек на реализација од страна на МЖСПП за Натура2000, отпад, индустриски емсии како и МВР за криминал во жвиотната средина, конференции, дебати, панел дискусии по закони и сл., размена на информации за активности реализирани претходно и планови за иднина, како и дискусии за моментни состојби со животна средина сврзани со инспекцскиот надзор.

## VIII. Други активности на инспекциската служба

### VIII.1. Начело на транспарентност и јавност

При вршење на работите Инспекторатот ги почитува начелата на транспарентност и јавност во согласност со закон. На барање на заинтересираните правни и физички лица Инспекторатот е должен да ги достави сите неопходни информации кои би можеле да им бидат од корист, а кои се однесуваат на општата безбедност на крајните корисници и ризикот по животот и здравјето на луѓето и животните, освен информациите за кои со закон не е дозволен пристап.

Со цел е да се подобрат односите помеѓу администрацијата и граѓаните и да се обезбеди задоволство кај граѓаните од работата на Државниот инспекторат за животна средина, Инспекторатот ќе изработи посебна Стратегија за подигнување на степенот на транспарентност, а планиран е и посебен проект за еко мапирање, односно платформа која ќе содржи информации кои се сврзани со инспекциските надзори, индустриските субјекти кои се предмет на надзор итн.

При крајот на 2020 година, Државниот инспекторат за животна средина ја активира својата официјалната фејсбук страна[2], на која граѓаните ќе можат да се информираат за тековното работење на Инспекторатот, преку отворена и конструктивна комуникација, да ги споделуваат своите коментари, идеи и прашања. Оваа страна има за цел навремено и транспарентно да ги информира граѓаните за активностите на Државен инспекторат за животна средина и за корисните информации и услуги кои ги обезбедува институцијата за граѓаните.

### VIII.2. Односи со медиуми, институции и јавноста

Од страна на Државниот инспекторат за животна средина во текот на 2024 година ќе продолжи треднот за одржување повеќе средби со институции (директори, градоначалници на општини, владини лица и др.) и граѓани со цел да им се помогне на граѓаните во остварување и заштита на нивните права од областа на животната средина.

Воедно од страна на инспекторатот редовно ќе бидат доставувани соопштенија до медиумите и истите ќе бидат публикувани во дневните информативни изданија како и на повеќе интернет портали. Во текот на 2024 година се планирани учества во дебатни емисии, интервјуа и сл.

---

[2] https://m.facebook.com/%D0%94%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%BD%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B6%D0%B8%D0%B2%D0%BE%D1%82%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0-Inspektorati-Shtet%C3%ABror-i-Mjedisit-105140678120971/

## VIII.3. Интернет страница

Информации поврзани со и за работата на Државниот инспекторат за животна средина во електронска форма на граѓаните им се достапни на страната http://www.sei.gov.mk.

Страната во текот на 2024 година во рамки на новиот Проект за квалитет на мабиентниот воздух кој го спроведува Канцеларијата на UNDP во РСМ е планирано целосно да се реорганизира и потоа редовно да се ажурира со податоци и информации во врска со работењето на Инспекциската служба. Истата ќе биде тријазична (македонски, албански и англиски јазик) и ќе ги содржи сите информации сврзани со ДИЖС и неговото тековно работење.

На страницата редовно се објавуваат податоци согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, потоа неделни извештаи и акти од инспекциски постапки. На истата се поместени сите контакт мобилни телеони на вработените и нивните адреси за е-пошта.

## VIII.4. Соработка со други инспекциски служби и државни институции

Државниот инспекторат за животна средина заради широкиот спектар на разнородни законски овластувања и надлежности при своето работење и во текот на 2023 година ќе соработува со следните институции: Царинска управа на Република Северна Македонија, Министерство за внатрешни работи - МВР, Национален координативен центар за гранично управување - НКЦГУ, Агенција за храна и ветеринарство - АХВ, Централен регистер на Република Северна Македонија, Управа за јавни приходи - УЈП, Државен управен инспекторат, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен инспекторат за земјоделство, Државен Санитарен и здравствен инспекторат...АВРМ-Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Централен Регистар на РСМ, Управа за финансиска полиција, Здруженија на јавни обвинители и судии на РСМ и др.

Инспекторатот и во текот на 2024 година ќе продолжи со соработката со МВР-Полиција, Одделот за Европол и Бирото за Јавна Безбедност како и Царинската Управа во делот на реализација на оперативни активности во борбата со криминалот во животната средина и Националната стратегија за процена на ризици од организиран криминал (област еколошки криминал).

## VIII.5. Соработка со бизнис заедницата и граѓански здруженија

Државниот инспекторат за животна средина ќе продолжи со соработката со голем број на граѓански здруженија и невладини организации во 2024 година, со градење партнерски однос се со цел подобрување на состојбата со животната средина (Институт за комуникациски студии од Скопје, Центар за климатски промени од Гевгелија, Еко-свест од Скопје, Движење на Екологисти на Македонија, Македонското Здружение на млади правници од Скопје, Центарот за правни истражувања и анализи од Скопје, Институт за комуникациски студии-ИКС, Флорозон од Скопје, Платформите Само прашај, Дома, Планинарската Федерација на РСМ.

Инспекторатот и во текот на 2024 година ќе продолжи да гради партнерски однос и со бизнис заедницата со подобрување на работењето на бизнисите преку директна комуникација со истите и спроведување на законските одредби од областа на животната средина и условите од управните акти (дозволи, елаборати...). Ова ќе се реализира во тесна соработка со Стопанските комори кои егзистираат во нашата држава, а во кои членуваат најголемиот број од индустриските субјекти. Вработените во Инспекторатот, ќе имаат професионален пристап со високо ниво на исполнување на задачите со предлог конструкција "Професионални инспектори за професионални бизниси и институции".

## VIII.6. Соработка со образовни и научни институции

Државниот инспекторат за животна средина е во континуирана соработка со образовните и научните институции од областа на животната средина, шумарството, земјоделството, природните и техничките науки како што се Македонската Академија на Науките и Уметностите-МАНУ, Шумарскиот Факултет, Скопје, Факултетот за безбедност, Скопје, Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, Факултетот за туризам и угостителство, Охрид, Универзитетот Гоце Делчев, Штип, МИТ Универзитет, Скопје, Технолошко-Металуршки факултет, Скопје, ПМФ, Скопје и други.

Во текот на 2024 година успешната соработка ќе продолжи при што ќе се реализираат обуки од страна на вработените во ДИЖС за студентите на горенаведените факултети и соработка во делот на Платформата за Еколошка правда со МАНУ.

## VIII.7.Проекти

Со проектите финансирани од Европската Унија преку инструментот за претпристапна помош-IPA, ќе се овозможи подобрување на системите за анализа на ризик како и проценка на ефективноста на работењето на инспекциските служби преку изработените: прирачници, протоколи, стандардни оперативни процедури.

Со примена на новиот концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик и воедначено вршење на инспекцискиот надзор, ќе се постигна поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност за субјектите на надзор. Заложбата на Државниот инспекторат за животна средина за навремено, квалитетно, ефикасно вршење на инспекциските надзори со цел почитување на законските прописи ќе продолжи и во 2024 година.

Настаните во 2024 година ќе се одвиваат преку интернет апликации или хибриден формат каде дел ќе биде со физичко присуство.

Проекти во рамки на Кластерите од Европската Мрежа на Инспекторатите за животна средина IMPEL, https://www.impel.eu/projects/

- Градење капацитети и тренинг за инспекторите за животна средина
- Поддршка за реализација на примената на Директивата за Индустриски Емисии

– Серија на семинари "Лекции научени од индустриски несреќи"
– Инспекции во животната средина во индустриски инсталации согласно Директивата за индустриски емисии
– Методологија за процена на ризик
– Транспорт на отпад во прекугранични контекст и Меѓународна Конференција
– Вода и ремедијација на почва
– Борба со илегалното убивање на птици
– Директивите за птици и живеалишта, трендови
– Генерална Асамблеа на Мрежата

Соработка со регулаторни институции од Европа во рамки на Проектот EU-Twix ***(зелени царини)*** во рамки на секојдневна размена на податоци сврзани со прекугранична трговија со заштитени видови на флора и фауна, CITES Конвенција.

-ДИЖС ќе учествува во реализација на дел од активностите на новите ЕУ Твининг Проекти кои ги води МЖСПП во текот на 2024 година во делот на управување со отпад, односно индустриски емисии, а од месец април ќе се вклучи и во процесот на платформата Е-Инспектор во организација на Инспекцискиот Совет и поддршка од ЕБОР.

-Во текот на првата половина на 2024 година ќе започне со реализација новиот ЕУ Твининг Проект за спроведување на законодавството од областа на животната средина кој ќе го води ДИЖС, а ќе учествуваат и општинските инспектори за животна средина.

**Изготвил:**

**Дарко Блинков,**

**Генерален Инспектор за животна средина**